РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Центар Скопје

| Примено: 13.05.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 447/01 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP

Бр. Nr. 16-6586/2

06-05-2026 20 год. viti

Врз основа на член 26 став (4) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19, 229/20, 03/25, 74/25 и 250/2025), министерката за образование и наука, донесе

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за давање на согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ООУ„Киро Глигоров"- Скопје, Центар***

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Киро Глигоров"- Скопје, Центар, бр.01-1189/01 од 05.12.2025 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Министерството за образование и наука е доставено Барање бр.03-232/02 од 27.04.2026 година од страна на ООУ„Киро Глигоров"- Скопје, Центар, за согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на училиштето.

Врз основа на доставеното барање, одлуката на Училишниот одбор на ООУ„Киро Глигоров"- Скопје, Центар, бр.01-1189/01 од 05.12.2025 година, и Решението за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот од страна на Советот на Општина Центар, Скопје бр.09-1139/17 од 19.02.2026 година, а согласно член 26 став 4 од Законот за основното образование, министерот за образование и наука донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може да се поднесе тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**проф.д-р Весна Јаневска**

Подготвил: Лиридона Буши
Прегледа: Бојан Митковски
Одобрил: Милка Масникоса

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Центар Скопје

| Примено: 02.03.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03- | 229/02 | | |

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за давање позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Киро Глигоров"-Скопје бр. 01-1189/01 од 5.12.2025 година**

Се објавува Одлуката за давање позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Киро Глигоров"-Скопје бр. 01-1189/01 од 5.12.2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на петтата седница, одржана на 19.2.2026 година.

Бр. 09-1139/17
19.2.2026 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Центар Скопје

| Примено: 02.03.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 - | 229/01 | | |

Врз основа на член 26 точка 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19; 229/20; 3/25; 74/25; 250/25 и 250/25) и член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 19.2.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Киро Глигоров"-Скопје бр. 01-1189/01 од 5.12.2025 година**

1. Се дава позитивно мислење на измената и дополнувањето на Статутот на Општинското основно училиште „Киро Глигоров"-Скопје бр. 01-1189/01 од 5.12.2025 година.

2. Оваа Одлука да се достави до Градоначалникот на Општина Центар-Скопје и до Општинското основно училиште „Киро Глигоров"-Скопје.

3. Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1139/16
19.2.2026 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 01-1189/01
05.12 20 25 год.
Центар, Скопје

Врз основа на член 26 став 2 и став 3 и член 108 став 1 алинеа 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, бр.229/20, бр.3/25 и бр.74/25) и член 65 од Статутот на училиштето со дел.бр.01-112 од 16.12.2019 година и дел.бр.01-297/01 од 09.05.2022 година, Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Киро Глигоров“ Центар, Скопје, на седницата одржана на ден 05.12.2025 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# СТАТУТОТ НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# „Киро Глигоров“ Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Во Статутот на општинско основно училиште „Киро Глигоров“ Скопје со дел бр. 01-112 од 16.12.2019 година и дел.бр.01-297/01 од 09.05.2022 година за кој е добиена согласност од Министерството за образование и наука со бр. Уп.18-1941 од 25.08.2022 година, во глава III членот 12-а се менува и гласи:

### Член 12 - а

Правилникот за начинот на пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување со бр.18-9670/1 од 07.07.2025 година донесен од страна на Министерство за образование и наука ќе се применува во сите случаи опфатени во Правилникот.

### Член 2

Другите членови од Статутот на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје остануваат неизменети.

### Член 3

Измените и дополнувањата на Статутот на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на

училиштето и на интернет страната на училиштето, кој ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за образование и наука, а по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**НА УЧИЛИШЕН ОДБОР,**

______________________

**Александра Анчева**

Бр. 01-1189/01
05.12.2025 година